УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ – СКОПЈЕ

# ГОДИШНИК

## НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

## ANNUAIRE DE LA FACULTÉ DE DROIT “IUSTINIANUS PRIMUS” DE SKOPJE

ВО ЧЕСТ НА
ПРОФ. Д-Р ПЕТАР МАНГОВСКИ

Скопје 2016

доц. д-р Илина Ценевска*

# КОНЦЕПТОТ НА „ПРАВДА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА“ ВО ЕКОЛОШКОТО ПРАВО

1.01. изворна научна статија


## РЕЗИМЕ

Целта на овој труд е да даде попродлабочен увид во природата на еден релативно нов концепт од областа на еколошкото право и политика – концептот на „правда за животната средина“. Следејќи го еволутивниот пат на овој концепт, трудот го следи постепениот премин од еден чисто дистрибутивен пристап кон правдата за животната средина (во смисла на правична распределба на природните ресурси и/или сразмерно оптоварување на населението со различните еколошки ризици) кон еден поопсежен и повеќедимензионален пристап. Оваа повеќедимензионалност на концептот се огледува во тоа што овој специфичен тип правда покрај дистрибутивната правда се проширува и во домените на социјалната правда, процедуралната правда, меѓугенерациската правда, еколошката правда, итн.

Концептот на „правда за животната средина“ сеуште во голема мера претставува концепт на еколошката политика (policy) наспроти еколошкото право што ја прави неговата применливот од аспект на еколошкото право доста покомпликувана, имајќи ја предвид сегашната неподготвеност или недостаток на волја кај значително мнозинство од националните и меѓународните судови да се повикуваат на овој концепт како на правен концепт од чија примена би можеле да произлезат конкретни правни последици.


**Клучни зборови**: Правда – Животна средина – Правда за животната средина - Еколошка правда – Еколошко право


## SUMMARY

The paper traces the evolution of the concept of ‘environmental justice’ which at its beginnings bore predominantly upon the distributional aspect of justice and has been reinforced through the years by taking on multiple different dimensions – social justice, procedural justice, intergenerational justice, ecological justice, etc. The aim of the paper is to give a deeper insight into the nature of the concept of ‘environmental justice’ as a novel concept in the fields of environmental law and policy. Given that the application of this concept has been much more prominent in the field of environmental policy rather than environmental law, it is


* Доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“, Скопје.

dubious whether national and international courts adjudicating in environmental matters can rely on the concept of 'environmental justice' as a legal concept having the potential to produce clear legal consequences. For this reason, in order for courts to be steered in the direction of giving more environment-friendly judgments it is very important that a distinct 'ecological' mindset is cultivated by all actors and stakeholders in the public and private spheres.

**Keywords**: Justice – Environment – Environmental Justice - Ecological Justice – Environmental Law

## 1. Зачетоците на концептот на „правда за животната средина"

Концептот **„правда за животната средина" (environmental justice)** претставува релативно нов концепт кој во својата суштина ја има потребата за правичност или правично постапување кон животната средина, сфатена во најширока смисла. Овој термин за првпат беше формално употребен на федерално ниво во Соединетите Американски Држави, во Претседателската извршна одлука бр. 12898 од 1994 насловена „Федерални активности за решавање на проблемот на правдата за животната средина кај малцинското население и населението со ниски приходи".[1] Сепак, дискурсот околу правдата за животната средина своите почетоци ги наоѓа нешто порано, во доцните 1970-ти и раните 1980-ти, со настаните од Ворен Каунти, Северна Каролина кога токсичен индустриски отпад незаконски беше фрлен во непосредна близина на населби со сиромашно малцинско население[2], како и проблемот со ситуирањето на капацитети за отпад во афроамериканските населби во Хјустон, Аризона, и низа други примери каде локалниот активизам и воспоставените еколошки мрежи и кампањи на локално ниво прераснаа во ново движење за правда за животната средина во САД.[3]

Така, академиците и активистите во САД развија нов пристап кон животната средина дефинирајќи ја низ призмата на правично постапување кон неа. Во основата на ова социјално движење за правда за животната средина лежеше противење кон активностите на потенцијално штетните индустрии кои беа дозволени и толерирани во социјално ранливите населби и региони низ целата земја.[4] Главната премиса на движењето беше дека доколку го дозволуваат или толерираат несразмерното загадување во средините каде живеат сиромашни и малцински расни заедници и етнички групи, националните власти прават јасна дискриминација врз основа на раса, етничка припадност и економска состојба. Оваа еколошка дискриминација, наречена и еколошки расизам[5], се однесуваше пред сѐ на негативните ефекти врз животната средина кои беа резултат на националните административни постапки и законодавни политики кои несразмерно повеќе ги погодуваа срединиите во кои живеат сиромашни и маргинализирани заедници. Иако консензусот меѓу коментаторите е дека почетоците на движењето за правда за животната средина можат да се следат од од 1970-тите години па наваму, сепак факт е дека дел од идеите и вредностите вградени во концептот на правда за животната средина всушност се среќаваат многу порано, уште со *Trail Smelter* арбитражата од 1941 година која се однесуваше на спор меѓу САД и Канада во областа на аерозагадувањето, каде покрај тоа што стана збор за правилно распределување на правата и обврските меѓу страните во случајот, целта беше и да се дојде до *правично* решение за двете страни преку покренување на аргументи околу правичноста во односите меѓу двете држави во овој контекст.[6]

Интересно е тоа што во меѓународните инструменти од областа на заштитата на животната средина скоро да не постојат одредби кои експлицитно ја спомениваат правичноста кон односно правдата за животната средина.[7] Имено, правопропорционалниот однос меѓу влошувањето на еколошките услови и сиромаштијата беше во центарот на заложбите промовирани со Стокхолмската Декларација од 1972 година[8] и Рио Декларацијата од 1992 година[9], каде акцентот беше ставен на постоењето на дискрепантно различни економски и социјални услови во различните држави во светот. Во таа смисла, Рио Декларацијата упати на принципот на „заедничка, но поделена одговорност" меѓу државите ("common but differentiated responsibilities"), додека Милениумската Декларација на ОН од 2000 година[10] повика на потребата глобалните предизвици да бидат споделени на правичен (фер) начин во согласност со принципите на правичност и социјална правда така што оние кои имаат најмала корист заслужуваат помош од оние кои уживаат најголема корист.[11]

Од 2001 година правдата за животна средина како концепт добива уште поголема препознатливост во светски рамки со изготвувањето и примената на „Принципите за еколошка правда" на Клубот Сиера, една од повлијателните

[1] По донесувањето на Претседателската извршна одлука бр. 12898 од 1994 следеше формирање на Агенцијата за заштита на животната средина на САД. Види L. Kramer, Environmental Justice in the European Court of Justice, во J. Ebbesson and P. Okowa, *Environmental Law and Justice in Context*, Cambridge University Press (2009), стр.195.

[2] B. Jessup, The Journey of Environmental Jusitce through Public and International Law, Australian National University College of Law Research paper No.12 (2009), стр.3.

[3] O. W. Pedersen, Environmental Principles and Environmental Justice, *Environmental Law Review* Vol.12 Issue 1 (2010), стр.13.

[4] Jessup *supra* заб.2 стр.1,2.

[5] Види A. Kaswan, Environmental Justice: Bridging the Gap between Environmental Laws and "Justice", *American Univeristy Law Review* Vol. 47 (1997); M. B. Gerrard, Reflections on Environmental Justice, *Alb. L. Rev.* Vol.65 (2001).

[6] J. Ebbesson, Dimensions of Justice in Environmental Law, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context*, Cambridge University Press (2009), стр.4,5.

[7] Ebbesson *supra* стр.6.

[8] United Nations Declaration on the Human Environment, UN Doc. A/CONF/48/14/Rev.1 (1972), 11 ILM (1972) 1416.

[9] United Nations Declaration on Environment and Development, UN Doc. A/CONF.151/26/Rev.1 (1992), 31ILM (1992) 876.

[10] United Nations General Assembly, Resolution 55/2, United Nations Millennium Declaration (A/55/L.2,18 September 2000).

[11] Ebbesson *supra* заб.6 стр.6.

невладини организации во светот во областа на заштитата на животната средина. Овие „Принципи за еколошка правда“ се однесуваат на повеќе аспекти: елиминирање на несразмерните товари врз одредени сегменти од населението, намалување на влијанието на корпорациите, правото на користење и заштита на природните ресурси, правата на домородното население, правилното ситуирање на инфраструктурните објекти, меѓугенерациската правда (intergenerational equity), правото на информирање, како и правото да се учествува во донесувањето на одлуки кои ја засегаат животната средина.[12]

## 2. „Правда за животната средина“ како повеќедимензионален концепт

Движењето за правда за животната средина на своите почетоци примарно го покриваше несразмерното загадување со токсични материи во сиромашните и афроамериканските (и други малцински) населби [13] односно првичната артикулација на овој концепт се однесуваше на дистрибутивната правда сфатена како залагање за праведна распределба на еколошки и социјално штетните ефекти, од една страна, и еколошките и социјалните бенефити, од друга страна[14]. Иако оваа дистрибутивна димензија лежи во суштината на барањето за правда за животната средина, со текот на времето повеќе слоеви беа придодадени кон дефиницијата на овој концепт.[15] Така, дискурсот околу овој тип на правда беше збогатен со постепеното ориентирање кон процедуралната правда преку усвојување на соодветна меѓународна и домашна правна регулатива со која се воведуваа процедурални права за граѓаните.[16] Фокусот беше ставен на партиципативноста и процедуралната правда како начини на зајакнување на правната положба на граѓаните и заедниците пред националните институции и центрите на донесување одлуки со цел да се овозможи постигнување на дистрибутивно правични резултати. Во Европа, ваквите заложби кулминираа со усвојувањето на Архуската Конвенција[17] како клучен текст кој ја даде правната рамка за гарантирање на еколошка демократија, приближувајќи го донесувањето на одлуките кои ја засегаат животната средина поблиску до граѓаните преку следните процедурални права: правото на пристап до информации, правото на учество во донесувањето на одлуки и правото на пристап до судовите во домените кои ја засегаат заштитата на животната средина. Овој клучен правен текст од областа на еколошката демократија воведе правни гаранции за транспарентност, делибера-

[12] http://www.sierraclub.org/michigan/environmental-justice-principles.
[13] D. Schlosberg, *Defining Environmental Justice: Theories, Movements, and Nature* (2007) Oxford University Press, стр.48.
[14] Pedersen *supra* заб.3 стр.14
[15] Ibid.
[16] Jessup *supra* заб.2 стр.18,19.
[17] 1998 UNECE Convention on Access to Information, Public Participation in Decision-making and Access to Justice in Environmental Matters, 38 ILM (1999) 515.





тивност, правичност и взаемно балансирање на интересите на бизнис заедницата, националните влади и интересот за постигнување на одржлив развој. [18]

Развојниот фокус на концептот на правда за животната средина продолжи опфаќајќи ги кампањите кои, како комплемент на процедуралните права, побаруваа признавање на материјалното право на сите индивидуи да бидат заштитени од деградација на животната околина [19] така што повиците за гарантирање на правото на луѓето да бидат ефективно заштитени од еколошките штети постепено прераснаа во повици за признавање на материјалното човеково право на здрава и чиста животна средина[20]. Конечно, како финална фаза или аспект од развојот на концепот на правда за животната средина се барањата за „продуктивна правда“ (productive justice) кои доаѓаат од одредени еколошки групации и кои подразбираат преоцена на првичните причини и одлуки кои го детерминираат продуцирањето на еколошките штети и товари.[21] Со други зборови, наместо фокусот да биде ставен на дистрибуција на штетата и антропоцентричната (човековата) изложеност на таквата штета, се зазема холистички и посеопфатен пристап на преиспитување на одлуките кои претставуваат потенцијален еколошки ризик во првичната фаза, уште пред таквите одлуки воопшто да бидат имплементрани. На линија со ваквата заложба за продуктивна правда се повиците за правда кои ја надминуваат антропоцентричната ориентација на социјалната правда, проширувајќи го дискурсот за правда кон не-човечкиот дел од еко-системот односно т.н. еколошка правда, каде обврските за правично постапување се однесуваат меѓу другото и на природата сама по себе.

Од горе изложеното евидентно е дека концептот на „правда на животната средина“ вклучува повеќе различни димензии - дистрибутивна правда или правична распределба на природните ресурси и/или сразмерно оптоварување на населението со различните еколошки ризици; социјална правда; процедурална правда; меѓугенерациска правда; еколошка правда; итн. Она што се чини проблематично при дефинирањето на опсегот што го има еден ваков повеќедимензионален концепт се пред сѐ географските ограничувања односно прашањето дали обврските за спроведувањето на ваквата правда можат да се применуваат во односите меѓу поединечните држави или пак тие важат единствено во рамките на една држава. Понатаму, постојат и дилеми од темпорална природа кои се однесуваат на залагањето за меѓугенерациската правда или земањето предвид на претпоставените еколошки интереси и потреби

[18] Jessup *supra* заб.2 стр.21.
[19] R.D. Bullard, *Dumping in Dixie, Race, Class, and Environmental Quality* (2000) Westview Press:Colorado, стр.122; R. D. Bullard, *The Quest for Environmental Justice, Human Rights and the Politics of Pollution*, (2005) Sierra Club Books: San Francisco, стр.25.
[20] Pedersen *supra* заб.3 стр.16.
[21] Види R. W. Lake, Volunteers, NIMBYs, and Environmental Justice: Dilemmas of Democratic Practice, *Antipode* Vol 28 Issue 2 (1996), стр.165; D. Faber, 'The Struggle for Ecological Democracy and Environmental Justice' во D. Faber (ed.), *The Struggle for Ecological Democracy, Environmental Justice Movements in the United States* (1998) Guildford Press: New York, стр.15.

на идните генерации[22], но исто така и дилеми во врска со видот на субјектите кои се опфатени со концептот на правда за животната средина и во таа смисла сѐ поголемото внимание што ѝ се дава на можноста на не-човечките делови од природата и воопшто на самата природа да ѝм се додели статусот на субјекти на правдата.[23]

Како што беше напоменато, доста значаен придонес во развивањето и правилното "врамување" на концептот на правда за животната средина има драфтирањето на *„Принципите за правда за животната средина"* од страна на Клубот Сиера како принципи кои низ годините биле постепено дополнувани и доразвивани, кои гравитираат околу три главни точки односно заложби: 1) гарантирање на правото на чиста и здрава животна средина на сите луѓе; 2) постепено елиминирање на сите видови загадување на животната средина, и 3) доследна примена на принципот на претпазливост (precautionary principle) во сите активности кои ја засегаат животната средина.[24] Поконкретно, заложбата за гарантирање на правото на чиста и здрава животна средина ги опфаќа: правото на демократија, правото на информирање, правото на учество во донесувањето на одлуки, правото на еднаква заштита (и во тој контекст недискриминаторната примена на законите од областа на заштитата на животната средина), правото на одржливи еколошки бенефити кои произлегуваат од користењето на природните ресурси, правото на правичност или правична распределба на еколошките штети и еколошките бенефити, правото на меѓугенерациска правичност, и конечно, правата на домородното население. *Правото на демократија* укажува на генералната потреба за поголема партиципативност и транспарентност, додека *правото на учество* го опфаќа правото да се учествува во изготвувањето на актите, плановите и евалуациските критериуми во сите фази од процесот на донесување одлуки. Имено, процесот на донесување одлуки во областа на заштитата на животната средина опфаќа широк спектар на алтернативи во однос на предложените планови или активности, вклучувајќи го тука и одбивањето на одредени планови или активности. Истакната е потребата да се надминат пречките во однос на учеството кои можат бидат од културна, јазична, географска, економска или друга природа. Согласно *правото на еднаква заштита*, законите, политиките и евалуациските критериуми треба да се спроведуваат на недискриминаторен начин со цел дискриминаторските закони, политики, правила и евалуациски критериуми да се корегираат, без разлика дали нивниот дискриминаторен ефект бил намерен или ненамерен. Оттаму, се поддржува рестраврирањето на животната околина и справувањето со случаите на еколошка неправичност (environmental inequities). *Правото на информирање* се однесува на правото на луѓето да ги имаат информациите потребни за информирано донесување на одлуки во делот на заштитата на животната средина. *Правото на одржливи еколошки бенефити или бенефити од животната средина* го подразбира правото на луѓето да ги уживаат бенефитите од животната средина кои се од естетски, рекреативен, културен, историски, научен, образовен, религиски или друг карактер, имајќи предвид дека активностите кои му наштетуваат на интегритетот, стабилноста и естескиот изглед на еко-системот треба да се сметаат за неетички. Според *правото на правичност* секое користење на земјата на еколошки неповолен односно штетен начин треба да се избегнува, но доколку не може да се избегне, таквото користење треба да е соодветно локализирано, во согласност со сите еколошки ефекти и ефекти врз заедницата. Сите луѓе имаат право на безбедна и здрава работна и животна околина така што *правото на генерациска правичност* претпоставува дека идните генерации го имаат фундаменталното право да ги уживаат бенефитите од природните ресурси (вклучително и чистиот воздух, вода и земја), да имаат незагаден синџир на исхрана и да наследат функционален глобален екосистем каде сите живи видови ќе бидат присутни. И последно, опсегот на правото на здрава животна средина ги опфаќа и *правата на домородните народи* од аспект на гарантирање на нивното суверено право да ја штитат природата и да ја запазуваат правдата за животната средина.

## 3. Концептот на „еколошка правда"

Еколошката правда е специфичен аспект на поширокиот поим на "правда на животната средина" и според Low и Gleeson доаѓа оттаму што "борбата за правда, онака како што таа е обликувана од политиката на животната средина (...) опфаќа два аспекта: праведноста во дистрибуцијата на квалитетот на животната околина меѓу луѓето и праведноста на односите меѓу луѓето и останатиот дел од природниот свет. Овие два аспекта ги нарекуваме: правда за животната средина и еколошка правда. Тие се всушност два аспекта на истиот однос".[25] Еколошката правда е поим за правда кој ја надминува човековата интеракција со природата со што се поклопува со т.н. еко-центрична перспектива, каде што основната причина за дејствување е обезбедување на корист за животната средина сама по себе.[26] Во оваа смисла, битно е да се напомене дека залагањето за еколошка правда како такво не побарува вештачко и категоричко подвојување на антропоцентричните од екоцентричните ставови,

[22] Ebbesson *supra* заб.6 стр.6.
[23] Ebbesson *supra* заб.6 стр.7.
[24] Согласно овој принцип доколку одредена активност претставува потенцијална закана за човековото здравје или животната средина, носителот на таквата активност треба да го сноси товарот на докажување во однос на безопасниот карактер на таквата активност. Доколку се работи за закани кои подразбираат сериозна и непоправлива штета, недостатокот на консензус од страна на научната заедница не може да претставува причина преземањето на мерки за спречување на штетата да биде одложено (http://www.sierraclub.org/michigan/environmental-justice-principles).

[25] Види N. Low и B. Gleeson, *Justice, Society, and Nature: An Exploration of Political Ecology* (1998) Routledge (London and New York).
[26] W. Twining, Law, Justice and Rights: Some Implications of A Global Perspective, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context*, Cambridge University Press (2009), стр.91.

имајќи предвид дека и самиот човек е составен дел од природата и од поширокиот еко-систем. [27]

Оваа дистинкција меѓу „еколошка правда“ како потесен и „правда на животната средина“ како поширок поим се темели пред сé на разграничувањето меѓу екоцентричниот и антропоцентричниот пристап кон заштитата на животната средина. Разликата меѓу антропоцентричната и екоцентричната перспектива е во тоа што кај антропоцентричната активност причината за дејствување е обезбедување на корист за човекот односно акцентот се става на човечкиот фактор, додека кај екоцентричната активност причината да се дејствува се состои во обезбедување корист за животната средина сама по себе[28]. Во таа смисла, еколошката правда целосно се поклопува со чистиот еконцентричен пристап при што во крајна инстанца интересите кои претежнуваат се интересите на животната средина stricto sensu.

Со оглед дека согласно теоријата за правдата, од Аристотел па сé до денес, правдата се смета за дискурс наменет да ги разликува луѓето од остатокот од природата, темелите на правдата лежат токму во диференцирањето меѓу човечките суштества и не-човечката природа при што таквото разликување е од квалитативна природа.[29] Една од важните задачи што ги има еколошката политичка теорија е да го оспори ваквото вештачко разграничување помеѓу човечките суштества и не-човечката природа (non-human environment).[30] Иако правдата е човекова конструкција и е применлива само во однос на човечкото однесување, тоа не значи дека таа може да се применува само во нашите односи со другите човечки суштества. Човечките активности не се одразуваат само на другите човечки суштества, туку и на широк спектар на животински видови и останати делови од еко-системот така што според Schlosberg токму овој имплицитен однос што луѓето го имаат со остатокот од природниот свет - особено нашето влијание врз способноста на не-човечките единки и екосистеми да се развиваат и функционираат - одразува однос на праведност (правда).

Субјектите на кои се однесуваат обврските за правда ја сочинуваат „заедницата на правда“ (commuity of justice) и прашањето кое се наметнува е дали нечовечките (non-human) битија кои се дел од природата ѝ припаѓаат на ваквата „заедница на правда“. Во однос на ова прашање може да се направи градација во теоретските ставови. Nussbaum смета дека морални права поседуваат и заради тоа субјекти на правдата (правото) можат да бидат само сетилните живи суштества (sentient beings) за разлика од несетилните кои се, условно кажано, поместени на пониско скалило.[31] Од друга страна, Baxter

[27] S. J. Turner, *A Substantive Environmental Right: An Examination of the Legal Obligations of Decision-Makers towards he Environment* (2009) Kluwer Law International: Austin.
[28] Twining *supra* заб.26 стр.91.
[29] D. Schlosberg, Ecological Justice in the Anthroposcene, во M. Wissenburg and D. Schlosber (eds.), *Political Animals and Animal Politics* (2014) Palgrave MacMillan, стр.88.
[30] Ibid.
[31] Види A. McEwan, Martha Nussbaum's Capabilities Approach for Non-human Species, Australian Animal Protection Law Journal (2010) Issue 4.





поставува две централни тези - прво, дека сите нечовечки битија (без разлика дали имаат сетилна или несетилна природа) се членови на заедницата на правдата, и второ, дека сите членови на заедницата на правдата се реципиенти на дистрибутивна правда во однос на добрите и лошите ефекти врз животната средина односно реципиенти на еколошки правда[32]. Концепциски посложено е прашањето дали не-човечката природа која ги опфаќа и другите, не само сетилните суштества, вклучувајќи притоа цели екосистеми, може да "почувствува" повреда или нејзиното битисување да биде на некој начин попречено[33]. Според Baxter, неживите (nonliving) делови од природата немаат интереси ниту пак морална одговорност што како такво го резервира доменот на заедницата на правдата само за живите организми кои поседуваат интереси како резултат на тоа што штетата и неправдата се сфаќаат како прекин или попречување на функционирањето (исклучиво) на *животниот* процес.

Спротивно на ова, Schlosberg тврди дека штета може да ѝм биде нанесена како на сетилните, така и на несетилните живи суштества, но и на еколошките системи[34], така што кога го прекинуваме или оневозможуваме функционирањето на еколошките системи ние не правиме неправда само кон човечките и нечовечки суштества кои во своето функционирање зависат од интегритетот на еколошкиот систем, туку истовремено нанесуваме неправда и кон *самиот систем.*[35] Според Schlosberg, она што е достоинството како функционална категорија за човечките суштества, тоа е концептот на интегритет за не-човечките битија. Интегритет во оваа смисла е состојба во која е обезбедено функционирањето на не-човечката природа; повредата на интегритетот го попречува функционирањето и во тие услови може да стане збор за дефинирање на неправдата[36]. Инструменталниот пристап кон животната средина во контекст на праведното постапување кон неа може да се прошири и со тоа да ги опфати како човечките, така и не-човечките суштества така што од барање на правда за животната средина би се преминало кон барање на еколошка правда.[37]

За некои теоретичари, еколошката правда е проблематичен концепт од причина што тие сметаат дека концептот на правда не може разумно да се примени надвор од контекстот на односите помеѓу човечките суштества.[38] Имено, главната премиса се состои во тоа што правдата и неправдата се темелат единствено на односите меѓу суштества кои се сметаат за морално еднакви во смисла на единки кои тежат подеднакво на моралната скала. Постојат тези кои сугерираат концептот на „еколошка правда“ да биде модификуван и

[32] Schlosberg *supra* заб.13 стр.119.
[33] Schlosberg *supra* заб.29 стр.80.
[34] Schlosberg *supra* заб.29 стр.81.
[35] Schlosberg *supra* заб.29 стр.81.
[36] Schlosberg *supra* заб.29 стр.81.
[37] Schlosberg *supra* заб.29 стр.78.
[38] B. Barry, Sustainability and Intergenerational Justice, во A.P.Dobson (ed.), *Fairness and Futurity: Essays on Environmental Sustainability and Social Justice* (1999) Oxford Univeristy Press, стр.115.

оттаму артикулиран преку поими независни од концептот на „правда“, како на пример - концептот на морална обврзаност кон природата.[39]

Според Low и Gleeson, еко-центричната „моралност“[40] како начин на справување со неправичното постапување кон животната средина нужно побарува воспоставување на Светски суд за животната средина кој би имал надлежност да ги санкционира државите или бизнис корпорациите поради активности кои би се сметале за неправедни од еколошка гледна точка. Тоа што овие два автори го предлагаат е меѓународното право да биде соодветниот форум каде би можело да се гарантира спроведувањето на еколошка правда.[41] Секако, факт е дека за ваквата реформа воопшто да почне да се реализира или во најмала рака судовите да почнат да пресудуваат потпирајќи се на концептот на правдата за животната средина, потребно е епистемолошкото разбирање на правдата за животната средина да биде помалку антропоцентрично. Но, реалноста укажува на тоа дека чистиот екоцентризам кој се однесува на еколошката правда во најголема мера е прифатен на ниво на академскиот дискурс[42], додека во практиката не се детектирани позначителни промени во јавното или меѓународното право во таа насока - барем не во посакуваниот степен. Според Jessup, своја најсилна експресија екоцентричните интереси добиле во меѓународно-правната и домашната регулатива во областа на заштитата и зачувувањето на видовите односно конзервација на природата, со тоа што и кај ваквата регулатива, од различни екоцентрични и антропоцентрични причини, повторно се разликува одредена хиерархија или приоритет на заштита во корист на одредени делови од биосферата.[43] Имено, различните видови кои се предмет на конзервациските мерки се заштитуваат од аспект на тоа што тие се ретки, вредни или уникатни, што е на некој начин спротивно на суштината на концептот на еколошка правда (сфатен како таков од најголемиот дел од теоретичарите), според кој се настојува сите живи суштества да уживаат подеднаква заштита.[44]

## Заклучок

Целта на овој труд беше да се даде попродлабочен увид во природата на еден релативно нов концепт од областа на еколошкото право и политика –

[39] A. Nollkaemper, Sovereignty and Environmental Justice in International law, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context*, Cambridge University Press (2009), стр.261.

[40] Jessup *supra* заб.2 стр.23; Исто во овој смисол е употребен терминот „еколошка етика“ (види M. Smith and P.Pangsapa, *Environment and Citizenship: Integrating Justice, Responsibility and Civic Engagement* (2008) Zed Books, London and New York, стр.11.

[41] Jessup *supra* заб.2 стр.23.

[42] Jessup *supra* заб.2 стр.24.

[43] Jessup *supra* заб.2 стр.24.

[44] Види M. Nussbaum, *Frontiers of Justice: Disability, Nationality, Species Membership* (2006) Belknap Press, Cambridge, Mass and London; D.Schlosberg, *Defining Environmental Justice: Theories, Movements and Nature* (2007) Oxford University Press, Oxford.





концептот на „правда за животната средина“, и она што може да се заклучи од претходната анализа е дека овој концепт сеуште во голема мера претставува концепт кој му припаѓа на полето на еколошката политика (environmental policy) наспроти еколошкото право. Последново во одредена мера ја проблематизира правната применливост на овој концепт, со оглед на сегашната неподготвеност или недостаток на волја кај значително мнозинство домашни и меѓународни судови да се повикуваат на концептот на „правда за животната средина“ како на правен концепт од чија примена би можеле да произлезат конкретни правни последици. Иако би можело да се тврди дека идејата за правда за животната средина е вградена во духот на меѓународните акти од областа на заштитата на животната средина со цел да се избегне потенцијално неисправен или неправичен исход од еколошка гледна точка, сепак, факт е дека досега не е усвоен меѓународен правен документ кој пропишува конкретни и експлицитни *обврски* за правично постапување кон животната средина. Од оваа гледна точка, правниот статус на ваквиот концепт сѐуште се смета за спорен и оттаму неговата применливост во правна смисла е крајно лимитирана.

Од друга страна, благодарение на неговата повеќедимензионалност, концептот на правда за животната средина и со него поврзаните движења сѐ повеќе се интернационализира и зазема сѐ поширок опфат преку глобалните процеси и тенденции за поголема ангажираност и инволвираност во однос на проблемите кои ја засегаат животната средина. Со цел надминување на проблемот на крајно лимитираната правна применливост на овој концепт според кој обврските за правичност кон животната средина би довеле до правна одговорност на одредени субјекти, потребно е на екоцентричниот аспект на заштитата на животната средина да се гледа помалку како на фах резервиран за академските кругови, а повеќе како на потреба за развивање на еколошката свест кај сите актери и чинители во јавната и приватната сфера.

## Библиографија


Barry, B., Sustainability and Intergenerational Justice, во A.P. Dobson (ed.), *Fairness and Futurity: Essays on Environmental Sustainability and Social Justice* (1999) Oxford Univeristy Press.

Bullard, R.D., *Dumping in Dixie, Race, Class, and Environmental Quality* (2000) Westview Press:Colorado.

Bullard, R.D., *The Quest for Environmental Justice, Human Rights and the Politics of Pollution,* (2005) Sierra Club Books: San Francisco.

Ebbesson, J., Dimensions of Justice in Environmental Law, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context* (2009) Cambridge University Press.

Faber, D., The Struggle for Ecological Democracy and Environmental Justice во D. Faber (ed.), *The Struggle for Ecological Democracy, Environmental Justice Movements in the United States* (1998) Guildford Press: New York.

Gerrard, M. B., Reflections on Environmental Justice, *Alb. L. Rev.* Vol.65 (2001).

Jessup, B., The Journey of Environmental Jusitce through Public and International Law,
Australian National University College of Law Research paper No.12 (2009).

Kaswan, A., Environmental Justice: Bridging the Gap between Environmental Laws and “Justice”, *American Univeristy Law Review* Vol. 47 (1997).

Kramer, L., Environmental Justice in the European Court of Justice, во J. Ebbesson and P. Okowa, *Environmental Law and Justice in Context* (2009) Cambridge University Press.
Lake, R.W., Volunteers, NIMBYs, and Environmental Justice: Dilemmas of Democratic Practice, *Antipode* Vol 28 (1996) Issue 2.
Low, N. and Gleeson, B., *Justice, Society, and Nature: An Exploration of Political Ecology* (1998) Routledge (London and New York).
McEwan, A., Martha Nussbaum's Capabilities Approach for Non-human Species, Australian Animal Protection Law Journal (2010) Issue 4.
Nollkaemper, A., Sovereignty and Environmental Justice in International law, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context* (2009) Cambridge University Press.
Nussbaum, M., *Frontiers of Justice: Disability, Nationality, Species Membership* (2006) Belknap Press, Cambridge, Mass. and London.
Pedersen, O.W., Environmental Principles and Environmental Justice, *Environmental Law Review* (2010) Vol.12 Issue 1.
Schlosberg, D., *Defining Environmental Justice: Theories, Movements, and Nature* (2007) Oxford University Press.
Schlosberg, D., Ecological Justice in the Anthroposcene, во M. Wissenburg and D. Schlosber (eds.), *Political Animals and Animal Politics* (2014) Palgrave MacMillan.
Smith, M. and Pangsapa, P., *Environment and Citizenship: Integrating Justice, Responsibility and Civic Engagement* (2008) Zed Books, London and New York.
Turner, S.J., *A Substantive Environmental Right: An Examination of the Legal Obligations of Decision-Makers towards he Environment* (2009) Kluwer Law International: Austin.
Twining, W., Law, Justice and Rights: Some Implications of A Global Perspective, во J. Ebbesson and P. Okowa (eds.), *Environmental Law and Justice in Context* (2009) Cambridge University Press.



доц. д-р Ана Чупеска-Станишковска*

# РЕЦЕНТНИ АСПЕКТИ НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

1. 02. прегледна научна статија

**АПСТРАКТ:** Целта на овој труд е да се скицираат рецентните аспекти на глобализацијата и да се посочи на неои од политичките импликации предизвикани од неа. Тргнувајќи од идејна прелошка на економскиот детерминиразам, овој труд се бави со поновите неолибералини секвенци кои се поврзуват со глобализацијата, па така, се анализираат нејзините елементи, слабости и предизвици со кои се судираме денес. Трудот за особено референтни ги цени анализите на Штиглиц, користејќи ги неговите видувања на овие проблеми и контроверзиите врзани за неминовниот процес на глобализацијата, а со намера да се воочат најопштите проблеми врзани за процесот на светската економска интеграција и политичките последици од ова, како и основните потешкотии со кои се соочуваме денес во периодот на иницијалното настанување на единствениот светски економски ситем и единствениот светски пазар во 21 век, но и паралелниот раст на авторитарни режими. На крајот е и заукчокот кои експлицитно ги сецира главните политички репркусии кои произлегуваат д неолиберализмот, а посебно внимание се посветува на новите тенденции, имено тоа дека неолиберализмот е во среќен брак со авторитарните политички режими, како и тенденците за создавањето на државнитот капитализам.

**Клучни зборови:** глобализација, економска глобализација, Јосеф Штиглиц, неолиберализам, авторитарни режими, државен капитализам, неолиберален авторитаризам

**ABSTRACT:** The purpose of this paper is to sketch some of the recent aspects of globalization, as well as, to point on the consequent political implications of it. Starting with economic determinism as basic conceptual framework, this paper, deals with some important and current neoliberal sequences that are linked with the globalization today. In this line, this paper analyzes its elements, weaknesses, as well as, challenges that we are confronting today but are result of the globalizatioн. Particulary referent for this peace of work are Stiglitz's ideas and arguments on main controversies related to the inevitable process of globalization. This is with intention to spot the most general problems related to the process of global economic interdependence and its consequent political results. Also, attention is put on the main difficulties that we face today in regard to the initial creation of the single world economic system or the single world market

* доц. д-р Ана Чупеска-Станишковска, Институт за политички науки; Правен факултет „Јустинијан Први"; Скопје, УКИМ